Стопанска комора на Македонија
-Здружение на градежништвото, индустријата на
градежни материјали и неметалите

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

# Осврт на состојбите во градежништвото 2017 / 2016, 1К 2018 / 1К 2017

## 1. Учество во БДП

За разлика од годините претходно, во 2017 година, градежништвото забележа пад во БДП од 13,7% – главно поради запирањето или забавувањето на крупните инфраструктурни проекти финансирани од државата, како и забавената инвестициска активност на приватниот сектор.

Воедно и во самата струкура на БДП за 2017 година, градежништвото во 2017 година е намалено за 1,23 процентни поени во однос на 2016 година.

| Година | 2016 | 2017 | Разлика (процентни поени) 2017/2016 |
|---|---|---|---|
| % учество на градежништво во структурата на БДП | 7,45 | 6,17 | - 1,23 |

Ако пак се погледне првиот квартал од 2018 година во однос на истиот период лани, градежништвото во БДП забележа пад од 37,2%.

Забележано е и намалување на секторот градежништво во самата структура на БДП во првиот квартал на 2018 година, наспроти истиот период лани за 2,25 процентни поени. Падот во првиот квартал на 2018 година во однос на 2016 година, изнесува 3,49 процентни поени.

| | Процентуално учествово структурата БДП (%) | | |
|---|---|---|---|
| | **1К 2016** | **1К 2017** | **1К 2018** |
| Бруто-домашен производ | 100 | 100 | 100 |
| Градежништво | 8,11 | 6,87 | 4,62 |

## 2. Број на активни компании

Во 2016 година бројот на активни градежни компании изнесувал 6,6 % од вкупниот број на активни деловни субјекти во 2016 година, додека во 2017 година овој број изнесувал 6,7% од вкупниот број на активни деловни субјекти, при што состојбата е скоро на исто ниво како во 2016 година, додека пак во 2017 година наспроти 2016 бројот на градежни компании се зголемил за 67 нови или пак за 1,4%.

**% на учество на градежните субјекти во вкупниот број на деловни субјекти во РМ**

| Година | Активни деловни субјекти во РМ | Компании од градежништво | % учество на градежништвото |
|---|---|---|---|
| 2016 | 71.519 | 4.747 | 6.6 |
| 2017 | 71 419 | 4 814 | 6.7 |

*Извор на податоци: Државен завод за статистика на РМ

## 3. Број на вработени

Бројот на вработените во градежништвото, во вкупно вработените на ниво на државата во 2016 и 2017 година се движеше околу 7%.

| | 2016 | 2017 |
|---|---|---|
| **Вкупно** | 723.550 | 740 648 |
| **Градежништво** | 52.140 | 53. 391 |
| ***учество во %*** | *7,20* | *7,20* |

Бројот на вработени во градежништвото кај деловните субјекти, во првото тримесечје од 2018 година забележа пад од 6,7 %.

## 4. Просечно исплатена нето-плата по вработен (денари)

| | 2016 | 2017 |
|---|---|---|
| **Градежништво** | 21.205 | 20.795 |

Просечната исплатена нето плата во 2017 година изнесува 20.795 денари, што покажува дека просечната нето плата за 2017 година споредена со 2016 година се намалила за 1,93%.

Просечната исплатена нето – плата по вработен во 1К- 2018 година изнесувала 20 579 денари, што покажува пораст на просечната исплатена нето плата по вработен во градежништвото во првиот квартал од 2018 година спордбено со првиот квартал за 2017 година за 4,7%.

| Период | I-III 2017 | I-III 2018 |
|---|---|---|
| **Нето плата** | 19.660 | 20.579 |

Во однос пак на структурата на заработувањата за компарираниот период кај вработените во изградба на згради нето платата е зголемена за 10%, кај специјализираните градежни работи за 6,7%, додека пак во нискоградбата е намалена за 2,3%.

## 5. Издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Драстичен пад се забележува и во однос на бројот на издадени одобренија за градење.

Кумулативно за периодот I-III-2018 наспроти истиот лани се бележи намалување во бројот на издадени одобренија за градење за 48,25%, односно ако во првото тримесечје лани биле издадени 1 115 одобренија за градење, во првите три месеци оваа година биле издадени само 577 одобренија.

*Број на издадени одобренија јануари – март 2018 година*

| | Вкупен број на издадени одобренија | **%** |
|---|---|---|
| **I-III-2018** | 577 | -48,25 |
| **I-III-2017** | 1115 | 100 |

Во првото тримесечје од 2018 година е забележан драстичен пад на вкупната предвидена вредност на објектите во однос на истиот период лани од **65,6%.** Најголем пад е забележан во делот на нискоградбата, дури 82,42 %. Во делот на високоградбата, предвидената вредност на објектите бележи пад од 49,6 %, а во делот на реконструкцијата 60,7 %.

| Предвидена вредност на градежните работи | I-III 2017 | I-III 2018 | **Раст / опаѓање %** |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 18.625.226 | 6.410.091 | **-65,6** |
| Високоградба | 8.968.273 | 4.524.271 | **-49,55** |
| Нискоградба | 8.788.185 | 1.544.646 | **-82,42** |
| Реконструкција | 868.768 | 341.174 | **-60,7** |

## 6. Вредност на договорени и извршени градежни работи (во илјади денари)

Номиналната вредност на договорените градежни работи во првиот квартал на 2018 бележи пад во однос на вредноста на договорените градежни работи во првиот квартал за 2017 година за **51,47%.** Енормен пад во првото тримесечје од 2018 година во однос на истиот период лани се забележува во делот на нискоградбата од 71,7 %, додека во делот на вискоградбата падот изнесува 8,34 %.

Вредност на договорени градежни работи 1К-2018/1К-2017

| Номинална вредност на договорени градежни работи | I-III 2017 | I-III 2018 | **Раст / опаѓање 2017-2018 %** |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 69.770.886 | 33.859.711 | **-51,47** |
| Високоградба | 22.254.438 | 20.398.233 | **-8,34** |
| Нискоградба | 47.516.448 | 13.461.478 | **-71,7** |

Номиналната вредност на вкупно извршените градежни работи во првиот квартал на 2018 година бележи пад во однос на вредноста на вкупно извршените градежни работи во првиот квартал на 2017 година во износ од 2 163 007 илјади денари или **39,8%.** Додека во делот на нискоградбата е забележан пад од 68,4 %, во делот на високоградбата е забележан пораст од 8,4 %.

Вредност на извршени градежни работи 1К-2018/1К-2017

| Номинална вредност на извршени градежни работи | I-III 2017 | I-III 2018 | **Раст / опаѓање 2017-2018 %** |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 5.426.561 | 3.263.554 | **-39,9** |
| Високоградба | 2.015.997 | 2.187.071 | **8,4** |
| Нискоградба | 3.410.564 | 1.076.483 | **-68,4** |

## 7. Станбена изградба

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2017 година во Република Македонија се изградени вкупно 5 622 станови што е за 9,20% помалку во однос на 2016 година кога биле изградени вкупно 6 192 станови. Додека бројот на станови изградени во индивидуална режија пораснал за 3,36 % во однос на 2016 година, бројот на станови изградени од деловни субјекти опаднал за 19 %.

| Број на станови | 2016 | 2017 | **Раст/опаѓање %** |
|---|---|---|---|
| Индивидуални сопственици | 2 709 | 2 800 | **3,36%** |
| Деловни субјекти | 3 483 | 2 822 | **-19%** |
| Вкупно | 6 192 | 5 622 | **-9,20%** |

Во 2017 година, деловните субјекти што се занимаваат со градежна дејност извршиле градежни работи во вредност од 28,9 милијарди денари, додека индивидуални сопственици извршиле градежни работи во вредност од 10,9 милијарди денари.

| Вредност на извршени градежни работи | 2016 | 2017 | Раст/опаѓање % |
|---|---|---|---|
| **Индивидуални сопственици** | 10 960 148 | 10 906 130 | - 0,5% |
| **Деловни субјекти** | 34 689 785 | 28 891 889 | - 16,7% |

Просечната корисна површина на становите градени во индивидуална режија, во 2017 година изнесувала 115,2 м2, додека во 2016 година изнесувала 112,6 м2.

Просечната корисна површина на становите изградени од деловни субјекти во 2017 година изнесувала 63,3 м2, додека во 2016 година изнесувала 61,5 м2.

| Просечна корисна површина | **2016** | **2017** |
|---|---|---|
| **Индивидуални сопственици** | 112,6 м2 | 115,2 м2 |
| **Деловни субјекти** | 61,5 м2 | 63,3 м2 |

Од регионите најмногу се градело во Скопскиот регион, а од општините најмногу во Аеродром, Карпош и Кисела Вода.

- **Предвиден број на станови во периодот јануари – април 2018 година**

Предвидениот број на станови за периодот јануари – април 2018 година изнесува 2150 станови во вкупна корисна површина од 161 174 м2. Бројот на предвидени станови за истиот период лани изнесувал 3056 станови во вкупна корисна површина од 266 055 $м^2$. Падот на предвидениот број на станови за периодот јануари – април 2018 година во однос на истиот период лани изнесува 29,6 %.

*Предвиден број на станови јануари – април2017, 2018 година*

| Година | Предвиден број на станови | Вкупна корисна површина |
|---|---|---|
| I- IV 2018 | **2150** | **161 174 м2** |
| I- IV 2017 | **3056** | **266 055 $м^2$** |

## 8. Работа во странство

Според податоците достапни на ДЗС, во изминатиот период е забележано значително намалување на вредноста на извршените градежни работи во странство. Додека вредноста на извршени градежни работи во странство во 2016 година вкупно изнесувала 2 395 517 илјади денари или (2,4 милијарди), во 2017 година вредноста изнесувала 1 557 662 илјади денари (1,6 милијарди) што прикажува пад на вредноста на извршените градежни работи во странство за 34,9%.

| **Вредност на извршени градежни работи во странство, во илјади денари, по години** | | | |
|---|---|---|---|
| | **2016** | **2017** | |
| **Вкупно** | 2.478.438 | 1.557.662 | -37,2 |
| **Германија** | 160.135 | 136.125 | -15 |
| **Албанија** | 951 | - | / |
| **Холандија** | 60.728 | 120.566 | 98,5 |
| **Словенија** | 1.538 | - | / |
| **Србија** | 54.433 | 6.339 | -88,4 |
| **Косово1)** | 4.775 | - | / |
| **Босна и Херцеговина** | 2.195.878 | 1.294.632 | -41 |

Според податоците на Државниот завод за статистика, во периодот јануари – март 2018 година, вкупната вредност на договорените градежни работи во странство изнесува 775 469 илјади денари, што е за **61.1** % помалку во споредба со истиот период од претходната година кога изнесувала 1 991 600 илјади денари. Во наведениот период, градежната оператива од Република Македонија во странство извршила градежни работи во вкупна вредност од 281 136 илјади денари, што е за 12.5 % помалку во споредба со истиот период од претходната година кога извршила градежни работи во вредност од 321 724 илјади денари.

| | I-III 2017 | I-III 2018 | **Раст / опаѓање 2017-2018 %** |
|---|---|---|---|
| Вкупна вредност на договорени градежни работи во странство (во илјади денари) | 1.991.600 | 775.469 | - **61,1** |
| Вкупна вредност на извршени градежни работи во странство (во илјади денари) | 321.724 | 281.136 | - **12,6** |

Стопанска комора на Македонија
-Здружение на градежништвото, индустријата на
градежни материјали и неметалите

25.6.2018 година

*Анализата е изготвена врз основа на податоци преземени од Државниот завод за статистика на РМ